КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на 78 став 1 точка к) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/16, бр.142/16 и бр.233/18), Управниот одбор при Комората на извршители на РСМ на ден 16.08.2019 година го усвои следното:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-429/29
16.08.2019 год.
СКОПЈЕ

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Постои обврска да биде подмирен долг кој бил настанат според важечки прописи кои биле во сила, а подоцна биле укинати со одлука на Уставен суд, доколку извршната исправа датира од периодот кога одредбата се уште била во правниот промет.

Образложение

Точно е дека член 79 и 80 од Деловникот на Уставниот суд уредуваат од кога одлука на Уставниот суд со која се укинува или поништува закон, пропис или друг општ акт се произведува дејство и дека извршувањето на правосилни поединечни акти кои се донесени врз база на укинат закон, пропис или друг општ акт не може да се дозволи, ниту да се спроведе, а започнатото пак извршување ќе се запре.

Видно од одлуката на Уставниот суд од 2009 година (У.бр.148/2008), Судот **констатира (но не елаборира, тврдејќи дека има елементи на неуставност)** дека со Законот за енергетика од 1997 со неговите измени и дополнувања не била утврдена должност за плаќање надомест од страна на лицата кои престанале да бидат корисници на топлинска енергија поради исклучување на грејниот простор од топлинската енергија на енергетскиот систем. По овој Закон, следел Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/2006, 36/2007 и 106/2008) е влезен во сила на 2 јуни 2006 година, а во него е наведено дека прописите предвидени со новиот закон ќе се донесат во рок од три години од денот на неговото влегување во сила. Во меѓувреме, ќе се применуваат прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на новиот Закон.

Исто така, Судот утврди дека предметното овластување на Регулаторната комисија од членот 37 став 3 и членот 39 став 2 од Законот, било утврдено со измените и дополнувањата на тогаш важечкиот Закон во 2002 година, меѓутоа, во случајов оспорените Услови за снабдување со топлинска енергија на подрачјето на град Скопје биле донесени **од градот Скопје, а не од Регулаторната комисија,** односно датирале уште пред измените и дополнувањата на Законот и како такви се во примена. Целта на уставносудската интервенција во овој предмет пред се е од **формална** причина, со оглед на тоа што тарифникот бил донесен од **ненадлежно тело**. А констатираниот факт дека не била утврдена должност за плаќање надомест од страна на лицата кои престанале да бидат корисници на топлинска енергија поради исклучување на грејниот простор од топлинската енергија на енергетскиот систем не значи дека самата обврска да се подмири долгот за делот на топлинската енергија која е потрошена и која е

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com

уредена подоцна е неуставна, бидејќи тоа експлицитно не произлегува од содржината на Одлуката.

Според тоа, во случај на констатирање на потрошена енергија во времето на важење на подоцна укинатата одредба, односно настанат долг според тогаш важечките правни прописи кои биле во сила, разбирливо е дека постои обврска тој да се подмири. Дополнително, тужбата за подмирување на истиот датира од 23.09.2008 година, и се однесува на предметен долг во период кога одредбата сеуште била во правниот поредок.

Основниот суд Скопје и Апелациониот суд се повикуваат во нивната одлука на укинатата одредба (член 52 став 3), но и на други одредби од ЗОО кои го уредуваат облигациониот однос и обврските кои од него настануваат а кои секако сеуште се во правниот поредок и се применуваат.

Со Законот за енергетика од 2006 година, со членот 19 **е** определена *надлежност Регулаторната комисија за енергетика да пропишува тарифни системи за одделни видови енергија и да донесува одлуки за цени на одделни видови енергија.* Ова тело има надлежност да пропишува тарифни системи во кои ја наплатува дадената услуга односно потрошената топлинска енергија.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Зоран Димов

Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com